suva

Дали сте самовработени?

Совети за појаснување на професионалната самостојност

Самостојноста не е секогаш веднаш препознатлива

Дали планирате да се осамостоите на професионален план? Дали на налогопримачите им доделувате нарачки? И во двата случаи, важно е да ги разберете карактеристиките на самовработувањето.

Напомена: Оваа брошура овозможува општ преглед. Само законските одредби се релевантни за проценка на поединечните случаи.

Ако имате какви било прашања, најблиската Сува агенција со задоволство ќе ви помогне на 058 411 12 12.

Како самовработен

Самовработен е оној којшто работи во свое име и за своја сметка. Вие сносите свој економски претприемачки ризик и независен сте од надворешна деловна организација.

Самовработените лица немаат задолжително осигурување од последици од несреќи и професионални болести. Со деловното осигурување на Suva, можете да се осигурате од последиците од професионални и непрофесионални несреќи (види страница 8).

Сува ја разјаснува вашата работна позиција
Suva е одговорна за појаснување на вашата работна позиција ако вашето вработување е покриено со осигурувањето на Suva (Закон за осигурување од незгода член 66, www.admin.ch). Контактирајте ја најблиската Сува агенција на 058 411 12 12.

Како налогодавач

Не е секој налогопримач самовработен, кој се чини дека е.

Оттаму, треба да побарате од вашиот налогопримач писмен доказ за неговиот статус како самовработено лице. На овој начин избегнувате непријатни дополнителни побарувања за Сува премии и придонеси за старосно и семејно осигуривање/инвалидско осигурување/за замена на доход/осигурување за невработеност.

Во споредба: самовработени и вработени

Обележје „Директни нарачки“

самовработен	вработен
• редовно извршување на нарачки во свое име и за своја сметка за различни самоизбрани клиенти.	• Извршување на нарачки во име на налогодавачот
• Апликациите за нарачки, огласи, проспекти, понуди и фактури служат како доказ.	• Клиентите и партнерите се препорачуваат од страна на налогодавачот.
	• Нарачки од само еден налогодавач

Обележје „Деловна организација“

самовработен	вработен
• Постои работно место со стандардни индустриски капацитети.	• Нарачките се извршуваат на работното место на налогодавачот.
• Достапни се значителни сопствени, најмени или изнајмени средства за производство, како што се алатки, машини, комерцијални возила итн.	• Средствата за производство потребни за извршување на нарачката се во сопственост на налогодавачот.
• Материјалот што треба да се обработи се купува на трошок на налогопримачот.	• Налогодавачот го обезбедува материјалот што треба да се обработи.
• По правило, во исто време се распоредени различни наши тимови на неколку работни места.	• Налогопримачот не вработува персонал, тој самиот се изнајмува.

Обележје „Одговорност и економски ризик“

самовработен	вработен
• Одговорност за штети со сите правни последици	• нема одговорност кон клиентот за евентуална штета во текот на дејноста
• Склучете сопствено осигурување од деловна одговорност, од незгода и евентуално автомобилско осигурување за комерцијални возила	• задолжително осигурување од незгода, право на плата за време на боледување, воен рок, посебен надоместок на трошоци и платен одмор.
• го сноси целиот економски ризик. • Покрај деловните средства, финансиската загуба може да ги вклучува и приватните средства.	• нема претприемачки ризик • работната сила се става на располагање. • нема капитално вложување • нема значителни инвестиции

Обележје „Работна организација“

самовработен	вработен
• во голема мера слободно одлучува за времето, обемот и локацијата на работата.	• Налогодавачот го одредува времето, местото и располага со работната сила на вработеното лице во врска со неговата нарачка.
• нема вклучување во туѓа работна организација	• Вклучување во работната организација на налогодавачот, и покрај делумно голема слобода во обликувањето
• нема подредена позиција и генерално не одговара пред претпоставените.	• Отчетност кон налогодавачите во врска со дејноста, како и со користењето на времето и средствата
• нема забрана за конкурентско дејствување	• постои забрана за конкурентско десјтвување; работењето за други налогодавачи во истата бранша е забрането

Обележје „Јавен настап“

самовработен	вработен
• работење под свое име, сопствена деловна адреса, сопствена банковна врска, сопствено лого на компанијата и упис во трговскиот регистар	• име на компанијата и деловна адреса на налогодавачот
• маркетинг и рекламни камањи под свое име и на свој трошок	• маркетинг и рекламни кампањи во име и на сметка на налогодавачот
• член на професионално или стручно здружение	• без поврзување со ниту едно професионално или стручно здружение

Што е важно при индивидуалната проценка?
Доколку лицето кое треба да се разјасни извршува неколку дејсности истовремено, секој остварен приход мора да се провери поединечно за да се утврди дали доаѓа од самостојна или несамостојна дејност. Пред сè, одлучувачки се економските, а не граѓанско-правните околности.

Сепак, економските факти можат да бидат многу разновидни. Затоа, секој случај со сите негови околности мора да се оценува поединечно. Бидејќи притоа често има обележја на двата вида вработување, одлуката се заснова на доминантните обележја.

„Позајмувањето себеси“ или „изнајмувањето на сопствената работна сила“ не се брои како самовработување.

Доколку е потврдено дека приходот ќе се оствари од несамостојно вработување, засегнатото лице подлежи на задолжително осигурување од незгода.

Оваа законска осигурителна заштита не може да се заобиколи ниту со индивидуални договори (договор за соработка, упис во трговскиот регистар, ДДВ-број итн.), Ниту со склучување на друг вид осигурување.

Дали сте самовработено лице?

Разјаснете ја вашата работна позиција
Дали сакате да се провери вашата работна позиција? Обратете се до вашиот Фонд за компензација. Доколку припаѓате на осигурителното подрачје на Сува, Фондот за компензација ќе ја проследи вашата пријава до надлежната Сува агенција, која потоа ќе одлучи за вашата работна позиција.

Кои се последиците од самовработувањето?
Доколку ги исполнувате условите за самовработување, згаснува задолжителното осигурување од незгода. Промената има влијание и врз старосното и семејно пензиско осигурување, професионалното пензиско осигурување и осигурувањето во случај на невработеност. Информирајте се - консултацијата е исплатлива.

Деловното осигурување на Сува
Благодарение на комбинацијата од превенција, осигурување и рехабилитација, Сува со деловното осигурување ви нуди осигурување од незгода кое е испробано и тестирано долги години наназад. Можете исто така да ги осигурате членовите на вашето семејство кои работат во компанијата (види на страница 8). Можете да најдете повеќе информации за деловното осигурување од Suva на www.suva.ch/fuv.

Дали сте налогодавач?

Избегнувајте празнини во осигурувањето
Пред да ја издадете нарачката, дознајте дали налогодавачот има статус на самовработено лице за соодветната дејност. Од ова зависат вашите обврски за премија, придонеси и пресметка. Само лицето кое не е самовработено има задолжително осигурување од незгода и треба да му ја пресметате неговата плата.

Моделот Сува
Четирите носечки столба на Сува

Сува е повеќе од осигурителна компанија; комбинира превенција, осигурување и рехабилитација.

Сува им ја враќа добивката на осигурениците во вид на пониски премии.

Со Сува управуваат социјалните партнери. Урамнотежениот состав на одборот на директори, составен од претставници на работодавачот, вработените и федералните претставници, овозможува широко засновани, одржливи решенија.

Сува е самоодржлива; не добива јавни средства.

Деловното осигурување на Сува

Како самовработен претприемач, секој ден обезбедувате врвни перформанси за вашите клиенти. Незгода или професионална болест може да доведе до значителни загуби. Со деловното осигурување на Сува вие сте финансиски заштитени од последиците на професионални и непрофесионални несреќи.

Ова се вашите предности:
- фиксна премија за време на траењето на договорот
- небирократско и ефикасно решавање на штети
- директно преземање на трошоци за лекување
- рана и сеопфатна поддршка благодарение на професионалното управување со случаи

Можете да најдете повеќе информации на www.suva.ch/fuv или јавете ни се (058 411 12 12).

Сува
Поштенски фах, 6002 Луцерн
Телефон 058 411 12 12
www.suva.ch/2675-1.mk

Издание април 2016 година

Број на публикација
2675-1.mk